Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 28.10.2021

На 27.10.2021 околу 21.15 часот врз основа на наредба од Основен суд Битола, од страна на полициски службеници од СВР Битола и САЕ „Тигар" на ул.„Партизанска" во Битола лишен е од слобода Б.У.(37) од Битола. Притоа, при преглед кај него е пронајден и одземен метален боксирач. Тој е спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Битола за издржување на затворската казна.

На 27.10.2021, полициски службеници од Полициската станица Струга го лишиле од слобода С.А.(49) од Струга. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, полициските службеници пронашле и одзеле еден пиштол чешка „Зброевка" калибар 7,65 мм, еден сигнален пиштол „Гаа", 26 куршуми различен калибар и 86 парчиња дијаболи, што нелегално ги поседувал. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно расчистување на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 27.10.2021 во 20.15 часот на Граничниот премин „Долно Блаце", полициски службеници го лишиле од слобода И.К.(60) од Република Албанија, затоа што по извршените проверки било констатирано дека се наоѓа во оперативната евиденција со мерка „апси", по барање на Интерпол-Франција. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода за понатамошна постапка.

На 27.10.2021 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 24 прекршоци, од кои 13 надвор од населено место и 11 во населено место. Истиот ден, во периодот од 13.00 до 19.00 часот спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои вршат непропишано престигнување. Притоа, биле изречени 5 санкции. Санкционирани биле и 12 други видови на прекршоци, од кои 9 за управување возило без возчка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 1 за некористење сигурносен појас и 1 за користење мобилен телефон.

На 27.10.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле преземени 21 мерка против возачи кои ја пречекориле максималната дозволена брзина надвор од населено место. Откриени се и 16 други видови. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 27.10.2021 во 17.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„1" во с.Морани, скопско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „мерцедес", со скопски регистарски ознаки, управувано од М.С.(33) и мопед, со скопски регистарски ознаки, управуван од Н.А.(24), двајцата од с.Морани. Во несреќата, возачот на мопедот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 27.10.2021 во 14.40 часот во Полициската станица Карпош, В.Н.(42) од Скопје пријавил дека на ул.„Скупи" бил каснат од куче скитник.

Во текот на изминатото денонокие (27.10/28.10.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 12 прекршоци.

На 27.10.2021 во 19.50 во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Е.Р.(25) од Куманово, поради постоење основи на сомнение дека на 20.09.2021 од куќа на Б.Р. на ул.„Средорек" во Куманово одзел повеќе предмети. Одземените предмети биле пронајдени кај друго лице, на кое му ги продал, и ќе бидат вратени на сопственикот. Е.Р бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 27.10.2021 во 07.20 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, од Итна медицинска помош било пријавено дека во дом во Скопје на ул.„Гвадалахара" имало починато бебе. Полициски службеници од Полициското одделение излегле на местото, а лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без траги на насилство. По наредба на Јавен обвинител телото било дадено за обдукција.

На 27.10.2021 во 05.00 часот во Битола, врз основа на судска наредба, полициски службеници од СВР Битола го приведе Н.Б.(21) од Битола за издржување казна затвор од една година и шест месеци. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Битола за издржување на казната затвор.

На 28.10.2021 во 02.00 часот во СВР Скопје, Е.М.(28) од Скопје пријавил дека околу 00.30 часот на подрачје на Аеродром бил физички нападнат од неколку лица кои биле со патнички возила „фиат", „форд", „пежо", „пежо" и „ауди", сите со скопски регистарски ознаки. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.10.2021 во 23.25 часот во СВР Скопје, Ј.С.(25) од Скопје пријавил дека околу 20.30 часот на влез на трговски центар на подрачје на Гази Баба бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.10.2021 во 16.10 часот во СВР Скопје, Џ.С.(23) од с.Шишево, скопско, пријавил дека на 26.10.2021 околу 20.40 часот во с.Сарај, скопско, поради претходно нетрпение, бил физички нападнат од Г.А. и уште три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.10.2021 во 15.20 часот во Полициската станица Карпош, од Јавната установа за згрижување деца било пријавено дека од установата се оддалечила М.С.(17), која и претходно во повеќе наврати самоволно се оддалечувала и била враќана назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 28.10.2021 во 02.40 часот во Полициската станица Карпош, Д.С.(25) од с.Шишево, скопско, пријавил дека во неговиот угостителски објект на ул.„Есперанто" бил физички нападнат од едно лице затоа што во корпа за отпадоци фрлил летоци од политичка партија, кои неколку други лица ги фрлиле на летната тераса. Полициски службеници излегле на местото на настанот и било утврдено дека во Градската општа болница „8-ми Септември" со повреди бил однесен М.Ѓ.(31) од Скопје. Во разговор со полициски службеници тој изјавил дека на ул.„Есперанто" бил физички нападнат од повеќе лица. На местото било пронајдено оставено патничко возило „фолксваген џета" со скопски регистарски ознаки, сопственост на С.А. од Скопје, во кое имало летоци и рекламен материјал од истата политичка партија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.10.2021 во 02.00 часот во СВР Скопје, С.С.(26) од Скопје пријавил дека во периодот од 00.30 до 01.20 часот на подрачјето на Аеродром бил физички нападнат од едно лице, додека другите лица кои биле со него снимале со мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.10.2021 во 10.48 часот во СВР Скопје било пријавено дека во финансиско друштво на ул.„Методија Андонов Ченто" едно лице со закана од вработената одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Т.Т.(40) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". На 28.07.2021, пријавениот го довел во заблуда Н.В. дека ќе му изгради викенд куќа во с.Јастребник, за што на 06.08.2021 склучиле договор заверен кај нотар. По ова, Н.В. му исплатил во два наврата 400.000 денари и 128.400 денари, за што му бил даден документ „каса исплати", а пријавениот сè уште не започнал со работа според договореното, причинувајќи му материјална штета од 528.400 денари.

На 27.10.2021 во 18.02 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на бул.„Јане Сандански" едно лице со закана од вработениот одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.10.2021 во 01.04 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 00.51 часот повеќе лица, кои биле со пет патнички возила оштетиле билборд на кандидат за градоначалник на бул.„Видое Смилески-Бато". Се работи на расчистување на случајот.

На 27.10.2021 во 20.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на ул.„Јани Лукровски" едно лице со закана од вработената одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.10.2021 во 15.10 часот во Полициската станица Карпош, од Јавната установа за згрижување деца - Козле било пријавено дека од установата се оддалечил С.А.(14). Тој и претходно се оддалечувал и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 28.10.2021 во 01.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во сендвичарница на бул.„Партизански одреди" едно лице со закана од вработената одзело пари од дневниот промет и ѝ нанело повреда на раката. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје – Единица за недозволена трговија поднесе кривична пријава против А.П.(33) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 28.09.2021, полициски службеници извршиле преглед во патничко возило „сеат", управувано од пријавениот, при што во багажниот простор биле пронајдени и одземени поголем број шишиња со метадон.

На 27.10.2021 во 22.40 часот во СВР Скопје било пријавено во спортска обложувалница на ул.„Влае" две лица со закана од вработениот одзеле пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет